РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1728/1
10-06-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-та седница одржана на ден 02.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава, заведена под број 12-2103/1 од 29.07.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за нелегално вршење на дејност и незаконско издавање на автокампови од страна на правното лице ---------------------- ---------- и други дивоизградени објекти, кои се наоѓаат и се сместени на парцела која се наоѓа на брегот на -------------------------, а која е во процес на денационализација, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2103/1 од 29.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 12-2103/1 од 29.07.2024 година, оформен по пријава поднесена од познат подносител, во која се изнесуваат наводи за нелегално вршење на дејност и незаконско издавање на автокампови од страна на правното лице ------------------------------ и други дивоизградени објекти, а кои се наоѓаат и се сместени во катастарската парцела КП --------/--, во -------------, во местото ---------------, на брегот на ----------------------------.

Подносителот во пријавата бара да се изврши вонреден инспекциски надзор над издавањето на автокамповите и другите дивоизградени сместувачки објекти, кои се

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

наоѓаат во земјиштето заведено на КП -------/-- во КО ----------, а кое претставува предмет на постапка за денационализација пред надлежен орган.

Со цел утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, Државната комисија се обрати со Барање за доставување на информации до ДПИ, да достават информација и документација за исходот од надлежното постапување и преземени мерки за конкретниот случај.

Во својот одговор Државниот пазарен инспекторат известува дека на ден 21.10.2024 година, Државниот пазарен инспекторат-Одделение за инспекциски надзор--------, извршил вонреден инспекциски надзор во Автокампот „---------------“ во с.------------------- и во деловните простории на субјектот УТТ „-------------------“ ----- ---------. Констатирано е дека Автокампот „-------------“ е затворен, не работи и нема присуство на персонал и гости.

Што се однесува на наводите дека дејноста ја врши фирмата „-----------------“ ---- ----------, Државниот пазарен инспекторат наведува дека извршил инспекциски надзор во правното лице „---------------------“. Се наведува дека правното лице „---------------------“ ------------ вршело угостителска дејност-автокамп, врз основа на добиени решенија за исполнување на минимално-технички услови, санитарно-хигиенски услови и условите за заштита при работа издадени од надлежни управни органи и тоа: Решение бр.---------- од 30.03.1995 година издадено од Министерството за стопанство Републички пазарен инспекторат ------------------, Решение бр.---------/-- од 29.09.2006 година издадено од Министерството за економија-Државен пазарен инспекторат -----------, Решение бр.-------/-- од 20.12.2005 година издадено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат Подрачно Одделение --------- и Решение бр.-------/-- од 16.01.2006 година издадено од Министерството за труд и социјална политика-Државен инспекторат за труд ----------.
При надзорот е констатирано дека правното лице „------------------------“ --------, на ден 01.10.2024 година, склучила договор за користење под закуп на автокамп „--------------“, со фирмата ДТУ „-----------------------“ ДОО увоз-извоз с.-----------------, како закупувач, со рок на важност од 5 години, заклучно со 01.10.2029 година.

Во записникот е наведена документацијата која била доставена од страна на субјектот на надзор, а Државниот пазарен инспекторат посочува дека во врска со наводите од поднесокот има вршено инспекциски надзори и во текот на 2022 и 2023 година при што била утврдена истата фактичка положба.

Со цел утврдување на фактичката состојба по сите изнесени наводи по оформениот предмет, ДКСК се обрати со Барање за доставување на податоци и до Јавното

Обвинителство на РСМ во однос на тоа дали постапува по наводите изнесени во претставката. По ова барање до ДКСК е доставено известување од Основното јавно обвинителство -------------- дека постапуваат по предмет КО.бр.----/--------, оформен по кривична пријава поднесена од ---------------------------- и истиот во моментот на доставување на известувањето е во фаза на вештачење врз основа на Наредба КО.бр.----/------ од 18.09.2024 година, заради постапување по напатсвија од Вишото Јавно Обвинителство-Битола.

Во врска со наводите кои се однесуваат на постапката за денационализација на земјиштето заведена на КП -------/-- во КО --------------, ДКСК утврди дека постапила и донела Одлука бр.12-------/1, на 76-та седница одржана на 22.04.2021 година, со која одлука доставила Препорака до Владата на РСМ за преиспитување на Одлуката за распределба на земјиштето на Комплексот „------------“-------------- од 16.06.1997 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапува друг надлежен орган – Основно јавно обвинителство ------------- и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

М-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор